ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# ФЕНИКС 86

## Одржана 3-та ликовна колонија „Охрид 2012”

## Пропозиции за 24-ти спортски игри 2012 година

## Работна средба со директорот на ФЗОМ, г. Џемали Мехази



БРОЈ 73, АПРИЛ 2012
www.mobilnost.com.mk
e-mail: stilm@stilm.com.mk



12.02.2011














# ФЕНИКС 86

**ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА**

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Нико Јанков

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Нико Јанков
Бранимир Јовановски
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

***Лектор:***
Ангелина Николовска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 73, Април 2012
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
„Југореклам Дизајн“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| ЗБОР НА УРЕДНИКОТ | 2 |
| ОДРЖАНА VI-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА | 3 |
| ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА | 4 |
| РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ФЗОМ, Г. ЏЕМАЛИ МЕХАЗИ | 5 |
| ОД АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АБР-ТЕХНИКА | 6 |
| АБР И ГОВОРОТ | 7 |
| ОДРЖАНА 3-ТА МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА | 8 |
| ПРОПОЗИЦИИ ЗА 24-ТИ СПОРТСКИ ИГРИ 2012 ГОДИНА | 10 |
| КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОТВОРАЊЕНА ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕУ | 12 |
| ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА „МОБИЛНОСТ ШТИП“ – ГОСТИН НА ТВ СТАР | 13 |
| ОЛИМПИЕЦ | 14 |
| НОВИНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА | 15 |
| ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА | 15 |
| ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА | 16 |
| АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ | 16 |
| ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО АКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА | 17 |
| ОСМОМАРТОВСКА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ | 18 |
| „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И „РИНГЕРАЈА“ ВО ХУМАНА МИСИЈА | 19 |
| ИНФОДЕН ЗА НВО ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА | 20 |
| БЛАГОДАРНОСТ | 20 |
| ДЕН ПОТОА | 22 |
| ОД АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ХЕНДИКЕПИРАНИ ПРЕДЦИ | 24 |
| ХУМАНИТАРНО ИЗГРАДЕНИ ЧЕШМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 26 |
| САМАРИТАНСКИ ТОРБИЧКИ ЗА НАЈМАЛИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“ | 27 |
| ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА РАКОМЕТНАТА СРЕДБА МЕТАЛУРГ - ЗАГРЕБ | 28 |
| НАГРАДНА ИГРА | 29 |
| ЗАБАВНА СТРАНИЦА | 30 |



# Збор на уредникот

Последните денови ни се расипа времето. Таман се спасивме од долгата зима и студовите, времето се разведри, сонцето огреа, сè се стопли, наеднаш повторно студ со дожд. Како ладен туш по пријатната краткотрајна топлина, „бабите“ си го покажаа како и секогаш својот лик.

Исто такво доживување ни приреди и Фондот за здравство. Истиот објави средување на состојбите. Ова се однесуваше и на придонесите од здравственото осигурување, но и за ортопедските помагала. Заедно со Министерството за здравство се тргна уште во еден поход против криминалот и мафијата. Дај Боже да им даде на извршителите праведност и правилен диоптер. Во овој момент, конкретно за нас, а и за другите се важни неколку значајни работи:

– Незадоволен е министерот за здравство поради големи неправилности во работењето;

– Незадоволен е Фондот поради голем одлив на парични средства;

– Незадоволни се нарачателите на услуги и помагала поради големото доцнење на исплатите од Фондот;

– Незадоволни се корисниците на здравствени услуги поради доцнење на плаќањето;

– Незадоволни се корисниците на ортопедски и други помагала од доцнењето и квалитетот на истите;

– Незадоволни се сите!

Па драги мои читатели, во оваа рашомонијада сите се виновни и сите се незадоволни, а сите се невини, односно немаат вина. Колку се виновни лицата со инвалидност? Дали ќе одат во истиот кош со сите и ќе споделат нешто за кое ама баш ништо немаат направено да биде лошо.

прим. д-р *Нико Јанков*

# ОДРЖАНА VI-ТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 28.02.2012 година во ДХО „Даре Џамбаз" во Скопје беше одржана VI-та седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија. На дневниот ред на седницата беа поставени и дискутирани повеќе прашања и беа донесени соодветни одлуки.

- Беа дискутирани Извештајот за работата на Мобилност Македонија за 2011 година, Извештајот за материјално финансиско работење за 2011 година, како и Извештаите од комисиите за попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и Охрид. Беше донесен заклучок дека истите се содржајни, дека е работено во духот на позитивните законски прописи и истите да се достават до Собранието на Мобилност Македонија на разгледување и усвојување.

- Во натамошниот тек на седницата беше донесена одлука за распределба на апартманите за закрепнување и рехабилитација во Охрид, дека новиот апартман, доколку се опреми во текот на летната сезона, ќе се користи на ист начин како што се користи репрезентативниот, а беше утврдена висината на надоместокот за храна во износ од 1500,00 денари бруто како и превоз во висина на автобуска карта од местото на живеење до Охрид. Исто така се донесе одлука за закуп на пансиони за закрепнување и рехабилитација во бања за членовите од Мобилност Охрид и Мобилност Струга во 2012 година и тоа да се закупат пансиони за на бања за 10 лица од Мобилност Охрид и за 9 лица од Мобилност Струга. Молбите за користење на апартманите ќе се поднесуваат од 1 до 15 април 2012 година, а заради транспарентноста на работењето и запознавањето на поширокото членство здруженијата имаат обврска огласот за користење на опоравок и рехабилитација да го објават во јавните гласила, на огласна табла пред просториите на здруженијата, на своја веб страна доколку имаат и сл. Се донесе одлука да се продолжи Договорот за работа со лицето кое ги извршува работите на позиција – домаќин и хаус мајстор во апартманите во Охрид во 2012 година под исти услови како и во 2011 година.

- Беше донесена одлука за организирање на III-та меѓународна ликовна колонија која ќе се одржи од 23 до 29 април 2012 година. Учесниците ќе бидат сместени во апартманите во Охрид, на колонијата да се поканат уметници и лица со инвалидност со талент за сликање од повеќе држави, организацискиот одбор при Мобилност Македонија да предложи вид на бои и друг сликарски материјал кој ќе се набави од средствата на Мобилност Македонија, а да бидат покриени и сите други потребни трошоци за успешна организација на колонијата.

- Беше донесена одлука 24-те Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија да се одржат од 8 до 10 јуни 2012. Сместувањето на учесниците ќе биде во хотел „Галеб" во Струга по цена на пансион 1300,00 ден, бидејќи алтернативната понуда на сместување што ја предложи Венко Голабоски во бараките на „Трудбеник" не ги задоволува основните услови за сместување и престој на лицата со инвалидност. Спортските активности ќе се организираат: атлетиката на градскиот стадион во Струга, стрелаштвото на стрелиштето „Беј Бунар" во Охрид и пинг-понгот во некоја сала од некое основно училиште.

- Беше донесена одлука за одржување на заедничка манифестација 18-ти Републички квиз натпревар и 18-ти музички средби во хотелот „Цар Самуил" во Струмица. Манифестацијата це се одржи на 23 и 24 ноември 2012 година. Квалификации за учество на квиз ќе се одржат во здруженијата на 12 септември 2012година со почеток во 17 часот. Во 18 часот ќе бидат испратени дговорите на тестовите, а здруженијата имаат обврска до 19 часот да ги пријават екипите по електронски пат до Мобилност Македонија. Договорот со лицето за изработување на прашањата е под исти услови од минатата година односно ќе му биде исплатено 9000 денари во нето износ. Рокот за поднесување на музичките изведби снимени на CD, е 1 септември 2012. Изведувачот може да биде пратен од еден иструмент, не смее да има вокални придружби, а особено е забрането во позадина да се служа оригиналниот звук на песната и изведувачот. Таквите демо снимки веднаш ќе бидат исфрлени и нема да се земаат во конкуренција. Организирањето на 15-та „Тортијада" е во целосна организација на Мобилност Струмица и истата ќе се одржи на 24.11.2012 година.

- Беше донесена одлука за одбележување на 4-ти Декември и во склоп на истите да се одржат 18-ти литературни средби на лицата со телесен инвалидитет со утврдена сатница, жири комисија, видео презентација на учесниците и наградување на победниците. Рокот за поднесување на литературните творби до Мобилност Македонија е 1 октомври 2012 година.

- Беше донесена одлука за одржување на државно шаховско првенство на лица со телесен инвалидитет и закупување на пансиони. Беше планирано првенството да се одржи на 23 и 24 ноември 2012 во Струмица, но

заради проблеми со сместувањето, на таа дата ќе се одржи друга манифестација, а датумот и местото на одржување на државното првенство во шах ќе биде определено дополнително. Рокот за пријавување на екипите за првенството во шах е 1 ноември 1012. Последно пласираните 5 учесници од минатогодишното првенство немаат право на настап оваа година.

- Беше донесена одлука за организирање тематски работилници и тоа: првата тематска работилница на тема „Имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност" да се одржи на 12 мај во Куманово во рамките на одбележување на јубилејот 20 години успешна работа на Мобилност Куманово, втората тематска работилница да се одржи на 16 јуни во вид на масовна средба во природа на преку 300 членови на Мобилност Македонија, а третата тематска средба да се одржи на 20 октомври 2012 година во рамките на одбележување на јубилеј на некое од здруженијата.

-Беше дополнета Дисциплинската комисија на Мобилност Македонија со Марина Ташкова од Мобилност Штип (правник, вработена во Судот во Штип), а беше формирана Комисија за статутарни и правни работи во Мобилност Македонија во состав: Персида Пренџова од Велес, Елица Трпковска од Штип и Митко Фидановски од Битола (сите правници)

- Беше донесена одлука за исплата на надомест за патни трошоци на лицата кои како волонтери обавуваат административни работи во здруженијата и тоа на исто ниво и со иста динамика на исплата како и минатата година, (по 1500 денари месечно бруто износ да се исплатува 4 пати во годината)

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 28.02.2012 година во Скопје во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз" беше одржана редовна годишна седница на Собранието на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.

Согласно доставените писмени дописи од здруженијата од Штип, Дебар и Скопје, верификационата комисија при Мобилност Македонија ги разгледа истите и констатира дека барањата се доставени согласно актите на здруженијата и Мобилност Македонија и дека е запазена постапката за барање на измена на претставници на здруженијата во Собранието на Мобилност Македонија. Согласно наодот на верификационата комисија беше извршена верификација на мандати на нови членови на Собранието на Мобилност Македонија и тоа: На местото на Стојанче Параспуров од Штип се верификува мандатот на Валентина Стамболиева, на местото на Буран Бала од Дебар се верификува мандатот на Атли Горенца и на местото на Ванчо Каранфилов од Скопје се верификува мандатот на Никола Милевски.

Во натамошниот тек на седницата се донесоа повеќе одлуки и заклучоци меѓу кои:

- Се усвои Записникот од претходната седница на Собранието на Мобилност Македонија;
- Се разгледа и усвои Деловник за работа на Собранието на Мобилност Македонија;
- Се верифицира мандатот на претдставник од Мобилност Дебар, Атли Горенца за член на УО на Мобилност Македонија на местото на Буран Бала;
- Се избра Дејан Ѓорѓиевски за нов на претставник на Мобилност Македонија во НСИОМ;
- Беа разгледани и усвоени: Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2011 година, Извештајот од Надзорниот одбор за извршена контрола врз материјално-финансиското работење на Мобилност Македонија во 2011 година, Извештајот за финансиско и материјално работење на Мобилност Македонија за 2011година, Извештаите од комисиите за попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и Охрид;
- Беше донесена Програма за работа на Мобилност Македонија за 2012 година и Финансиски план на потребни средства за работа на Мобилност Македонија во 2012 година;
- Беше донесена одлука Управниот одбор да донесе одлука за зачленување на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА во меѓународни асоцијации.

*Б. Јовановски*

# Работна средба со директорот на ФЗОМ, г. Џемали Мехази



Претседателот на „Мобилност Македонија", Бранимир Јовановски и генералниот секретар, Софка Прчева, на 1.3.2012 година одржаа работен состанок со директорот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ), г. Џемали Мехази, во просториите на Фондот. На работниот состанок присуствуваше и дел од стручната служба на Фондот.

Во духот на потпишаниот Меморандум за соработка, беа дискутирани конкретни предлози за измени и дополненија на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, а сè со цел да се овозможи поголема самостојност и подвижност на лицата со телесен инвалидитет во Република Македонија кои во секојдневниот живот користат ортопедски помагала.

Акцент на дискусијата беше ставен на потребата да се врати правото на набавка на ортопедски помагала со доплата на цената над определената референтна цена. Имено, во член 11, став 4 од Правилникот стои: „Надстандардното ортопедско помагало е на товар на осигуреникот". На мислење сме дека овој термин се толкува несоодветно. Во конкретниот случај не се работи за „надстандардно ортопедско помагало" туку за ортопедско помагало со доплата на цената над определената референтна цена на сметка на осигуреникот. Стандардот и на едните и на другите помагала е ист (изработени од кожа, метал, пластика...), а разликата е квалитетот на изработката, дизајнот, полесни материјали... Од друга страна, оваа измена (која би претставувала враќање на укинатото право за нашите корисници) НЕ ГО ОПТОВАРУВА ФИНАНСИСКИ ФЗОМ бидејќи Фондот секако на нашиот член, корисник на ортопедското помагало, му оверува потврда за ортопедско помагало и ја исплатува утврдената референтна цена. Корисникот доколку има потреба и е во финансиска можност, се определува за набавка на друго, поквалитетно, полесно, пофункционално, со помодерен дизајн... ортопедско помагало со сопствена доплата (а не од средства на ФЗОМ) и со самото тоа со ништо не го оптоварува буџетот на ФЗОМ. Треба да се има предвид дека техниката и технологијата за изработка на ортопедските помагала постојано напредува и секојдневно на пазарот се достапни нови помагала кои овозможуваат поголема мобилност и независност на лицата со телесен инвалидитет, што е една од основните определби на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност која Собранието на Република Македонија ја ратификува на 5.12.2011 година.

„Мобилност Македонија" има членови (корисници на протези, ортози, инвалидски колички) кои се млади, активни, се школуваат, спортуваат, или, пак, секојдневно се со работни обврски, а ФЗОМ им го нуди истиот стандард, како и на неактивни возрасни осигуреници над 65 години. Нашите членови бараат ФЗОМ да им даде можност за користење на помодерни и пофункционални помагала (хидраулика, пневматика, активни стапала, активни спортски колички ) дури и во прв момент доплатата во разлика на цената да биде на нивен трошок. Ваков тип на доплата функционира во рамките на ФЗОМ кога се во прашање лекарствата каде што осигуреникот може да изврши доплата за одредени лекови кои се од друг производител над референтната цена утврдена од ФЗОМ.

Директорот Мехази добро ја сфати нашата заложба, како и фактот дека оваа измена навистина не го оптоварува фондот, и вети дека во најскоро време истата ќе биде детаљно разгледана од нивната служба и дека ќе добиеме одговор и писмено ќе се произнесат како за ова прашање, така и за другите од доставениот допис кои се однесуваат на:

– Упростување и скратување на постапката за заверка на потребната документација за набавка на ортопедски помагала, проблем кој ги засега нашите членови, лица со телесен инвалидитет кои се корисници на протези, ортози (апарати) и корсети, бидејќи процедурата за одобрување, заверување и изработка на помагалата е пресложена.

– Правото на инвалидска количка на електромоторен погон да не се врзува со редовно школување или работен однос. Еден дел од нашите членови кои не мо-

жат да управуваат инвалидска количка на рачен погон и имаат потреба од инвалидска количка на електромоторен погон или го завршиле своето школување, или како и многумина граѓани на Република Македонија од разни причини не засновале работен однос, но со самото тоа не им престанала потребата да се движат, дружат, да посетуваат манифестации, едноставно не им престанала потребата да живеат нормално и самостојно во своето опкружување.

– Предлог да се обезбедат комисии (првостепена и за проценка на функционалност на ортопедско помагало – ПФП) во секој град каде што постои подрачна служба на ФЗОМ (истите да работат секој ден минимум два часа во определено време, да имаат овластување да ги оверуваат сите помагала, како и да издаваат ПФП-обрасци за сите помагала и комисиите по градовите, и да примаат осигуреници од цела Македонија, барем за ПФП). Според нашите согледувања, не постои соодветен простор и пристап до комисиите (со неколку исклучоци), и заради тоа е потребно подрачните служби на ФЗОМ да обезбедат пристапност до комисиите (рампи, лифтови, приземни простории и сл.). Не постојат комисии во сите градови. На пример, нашите членови осигуреници од Дебар и Кичево треба да се јават на комисија во Гостивар. Вистинска голгота е за корисниците на ортози (параплегичари, полио, церебрална парализа) да се малтретираат по патишта заради заверка од комисија или заради ПФП. Доколку, пак, е корисник на протеза, функционалноста мора да се провери единствено во Скопје. Премногу исцрпувачки процес, според нас, непотребно зголемени материјални трошоци на кои се изложува лицето со телесен инвалидитет, особено ако на сето ова се додадат непогодните временски услови (снег, мраз, дожд, летни горештини итн.) потребата од ослободување од работа, ангажирање на друго лице како придружник со сите трошоци околу неговиот ангажман итн. Во крајна линија предложивме ФЗОМ да ја разгледа можноста да се укине Проценката на функционалноста на ортопедските помагала, а комисијата да заседава и да врши проверка само по писмена интервенција од страна на корисникот на ортопедското помагало за нефункционалност на ортопедското помагало.

– Да се ревидираат роковите за набавка на протези за долни екстремитети за наши членови, корисници на протези кои се на возраст од 18 до 65 години да се намали периодот на користење од 36 на 24 месеци. Активните корисници, поради обврските, постојано се во протезата (12-14 часови во текот на денот), добар дел од нив се во работен однос или на школување, што доведува до значително побрза амортизација на ортопедското помагало и тоа е единствената причина поради која самите (потврдено во практика) сметаат дека рокот треба да се скрати од 36 на 24 месеци.

# ОД АКТИВНОСТИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АБР-ТЕХНИКА

АБР (Advanced Biomechanical Rehabilitation), или во превод напредна биомеханичка рехабилитација, е нова и сосема поинаква програма за рехабилитација за деца и млади со церебрална парализа и други невролошки состојби.

Развојот на АБР-техниката го започнал д-р Леонид Блиум од Белгија во септември 2000 година. Целта на АБР е опоравување на моторните функции спонтано, преку обновување на мускулоскелеторниот систем и повраќање на биоелектричните сигнали кои протекуваат меѓу мускулите и мозокот, со што доаѓа до зајакнување на сврзното ткиво т.н. фации. За да се прикаже како функционира АБР-техниката и какви резултати е можно да се постигнат со вежбањето со АБР, на 31.3.2012 година (сабота), во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“, на барање, пред сè, на родители на деца заболени од церебрална парализа но и други мускулни заболувања, дојде г-ѓа Весна Габеловска од Охрид, инаку мајка на дете заболено од церебрална парализа која прва почнала да го употребува АБР на својата ќерка и го донесе овој фантастичен пронајдок на д-р Леонид Блиум од Белгија и во Македонија. Таа во соработка со Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ одржи мало предавање со видеопрезентација, за оние што веќе го користат АБР и оние што сакаа да научат за АБР-техниката.

По завршувањето на презентацијата, присутните можеа да поставуваат прашања, тука беа и родители на деца кои веќе вежбаат со АБР и сведочеа за успесите и напредокот на нивните деца по неуморното вежбање со АБР.

Ова беше прва, но се надеваме дека нема да биде и последна ваква средба, впрочем како што вети и Весна.

*Елена Ѓурчиноска*



# АБР И ГОВОРОТ

АБР (Advanced Biomechanical Rehabilitation) има уникатен пристап кон проблемите кои ги имаат децата со посебни потреби. За прв пат на полето на рехабилитацијата се јавува метод со кој сите деца добиваат трајни подобрувања, терапија која нуди напредок без граници.

Сите лица со посебни потреби, со посебен акцент на лица со церебрална парализа имаат проблеми со говорот. Најголемиот проблем е отсуството на говор, а најмалиот проблем во говорот е неможноста да се изговорат некои букви или лицето зборува потивко, гласот нема доволно јачина, и е релативно монотон. Од каде доаѓаат тие проблеми.

Човековиот апарат за говор е составен од стомачната празнина, дијафрагмата, белите дробови, дишникот, голтката, гласните жици, усната и носната празнина, јазикот, вилицата, мускулите на лицето, носните синуси.

Поради пореметеност на структурата на горенаведените делови, говорот кај лицата со ЦП или воопшто не постои или е ограничен.

Многу често велиме дека овие деца зборуваат со очите. Некои од нив се многу паметни, разбираат многу, и кога ќе ги погледнеме во очите ни се чини дека во тоа тело е заробена личност која сака нешто да ни каже но едноставно не може.

Каде се отстапките во структурата. Секаде, почнуваат од главата и продолжуваат низ целото тело. Поврзувањето на коските од черепот т.н. шевови не се наместо, челната, тилната, слепоочната коска се изместени, заврени и како резултат се јавуваат деформитети не само на главата туку и на вилицата. Така ако кај здрава индивидуа крајот на вилицата се наоѓа два прсти под завршетокот на увото, кај овие лица тој завршок е изместен. Вилицата има сосема поинаква форма, затоа, меѓу другото, се јавуваат и проблеми со џвакање. Поради краткиот врат, коренот на јазикот е многу повисоко поставен, па многу често јазикот е надвор од устата. Тоа не е невролошки проблем, просто и едноставно, заради тоа што коренот се наоѓа повисоко, на јазикот му е најудобно во таа положба.





Адамовото јаболко е исто така многу високо поставено, а гласните жици кои се наоѓаат во вратот ја немаат потребната должина и јачина.

Белите дробови, ја немаат потребната големина, па градниот кош е набабнат (бочвест) и тропа како во празно, или е премногу сплескан. Просторот помеѓу ребрата е намален, а долните ребра се набабнати, стомакот пропаднат како во дупка. Карлицата е тесна и завртена. Тоа е еден дел од таа општа слика на телото на лице со ЦП.

АБР во првата фаза, работи на зголемување на белите дробови, издолжување на вратот и подобрување на состојбата на стомакот.

Со ширење на белите дробови, се зголемува нивниот капацитет, со тоа настанува една од најважните промени, повеќе кислород оди во крвта, повеќе кислород стигнува до мозокот, со тоа децата се побудни, посвесни и поконцентрирани, вниманието се подобрува. Основен елемент за појава на говорот е токму вниманието.

И не само тоа. Кислородот е важен елемент во сите биохемиски процеси кои се одвиваат во организмот. Па затоа и метаболизмот на клетката се подобрува.

Со АБР вежбите за врат, во првите шест месеци се добива издолжување на вратот и започнува зајакнувањето на гласните жици. Со тоа по минимум 300 саати работи, гласот се прочистува, се јавуваат нови гласови, а кај некои деца и говор. Што точно ќе се добие, зависи од состојбата во која се наоѓа личноста во моментот кога почнува со АБР. Затоа велиме дека резултатите од АБР се однапред предвидливи.

АБР не е магија. Тоа е нешто кое мора сите да го знаеме. Потребни се часови и часови работа. Но, со упорност, истрајност и посветеност, се добиваат прекрасни резултати кои никогаш не се губат.

Преземен текст од „АБР Македонија“

*Елена Ѓурчиноска*

# ОДРЖАНА 3-ТА МЕЃУНАРОДНА



Од 23-29.04.2012 година во Охрид во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија се одржа третата по ред меѓународна ликовна колонија на која учествуваа 14 автори од Македонија, Србија и Бугарија и тоа: проф. Зоран Јакимовски од Куманово, проф. Димитар Малиданов од Скопје, проф. Никола Николов од Велико Трново - Бугарија, Ива Сарчева од Габрово, Бугарија, Брацо Азариќ и Миодраг Вукиќ од Кикинда, Србија, Јанко Лацо од Зрењанин, Србија, Роза Мојсовска од Струмица, Афердита Кики од Скопје, Валентина Илиевска од Куманово, Даниела Илиевска од Ресен, Јана Јакимовска од Скопје, Александра Петкова од Скопје и Адријана Мациев од Скопје.

Уметниците беа сместени во апартманите на Мобилност Македонија во Охрид и иако имаше алтернатива да творат во просториите на Мобилност Охрид, повеќето од нив одлучија да творат во самите апартмани. Одборот за организирање на ликовната колонија на Мобилност Македонија со кој претседава проф. Зоран Јакимовски одлучи на ова трето издание на меѓународната колонија уметниците да творат во техника акрил на платно и со таа техника твореа 12 автори, еден твореше во техниката масло на платно и еден во техниката акварел.

Уметниците имаа за задача да насликаат најмалку по две платна, меѓутоа поголемиот дел од нив насликаа по три или повеќе платна. Професорот Никола Николов од Бугарија предложи во иднина колонијата да има свој назив и свое препознатливо лого и даде конкретен насликан предлог за лого, а тоа е ликот на „Биљана“ со сета своја убавина каква тој што ја замислува. Ова идеја наскоро ќе биде разгледана од Одборот за организација





# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА









на ликовната колонија, ќе биде донесен соодветен заклучок за избор на идејно решение на лого и назив на ликовната колонија, и истиот ќе биде доставен на одлучување на Управниот одбор на Мобилност Македонија.

За време на одржување на колонијата, Мобилност Македонија изготви прашалници за секој учесник во кој самите ги опишаа импресиите во однос на организцијата, сместувањето, работните услови, како и препораки за натамошните колонии. Еве некои нивни изјави, предлози и сугестии:

Проф. Димитар Малиданов од Скопје: „Во иднина да се направи поширок избор на автори кои ќе учествуваат на ликовната колонија. Понатаму, откако делата ќе бидат изложени, да се организира продажна лицитација на насликаните дела во земјата и во странство“.

Проф.Никола Николов од Бугарија: „Да се разгледа можноста поканетите автори од странство да донесат готови дела, а вемето на учеството на колонијата да го искористат за правење на скици за сликање на идни дела кои ќе ги донесат на некоја идна колонија“.

Ива Сарчева од Бугарија: „Мобилност Македонија да стапи во врска и да воспостави соработка со слична организација од Бугарија со која во иднина ќе иницира размена на учесници на ликовните колонии, како и организирање на изложби на насликаните дела во двете држави“.

Јана Јакимовска од Скопје: „Одушевена сум од гостопримството на организаторите, како и од непосредноста и дружељубивоста од страна на сите учесници на колонијата. Би било добро да се овозможи пофлексибилен термин за оброците и да се воведе интернет конекција во апартманите“.

Валентина Илијевска од Куманово: „Би било добро во иднина да се направи обид уметниците да творат во заедничка просторија каде непосредно ќе ги споделуваат моментите поврзани со уметноста“.

Една народна поговорка вели дека „Броените денови бргу поминуваат“. Навистина, многу бргу дојде времето на разделба. Колонијата заврши со работа, уметниците ги презентираа своите дела, направија заедничка фотографија за спомен, и со искрени прегратки и поздрави си заминаа во своите домови. Сите до еден истакнаа дека долго време во себе ќе ги чуваат импресиите од овој настан со надеж дека еден ден повторно ќе се сретнат заедно и ќе ги евоцираат спомените. „Некогаш и негде“ пееше Владо Јаневски во една од своите песни...

*Б.Јовановски*

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА 24-ти

**Извод од Пропозиции** за одржување на 24. Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија – „Мобилност Македонија“, 8.6.2012 - 10.6.2012 година во Охрид и Струга.

Комисијата за спорт при Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ во состав: Васко Стефановски, Ангел Јаневски, Рубинчо Ристески, Дејан Ѓорѓиевски и Нурие Фаризи, како и Бранимир Јовановски, претседател на „Мобилност Македонија“, одржа состанок на 10.4.2012 година на кој беа усвоени Пропозициите за одржување и учество на 24. Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ што ќе се одржат на спортско-рекреативните терени во Охрид и Струга од 8.6.2012 до 10.6.2012 година.

1. **Директно квалификувани спортисти:**

Дејан Ѓорѓиевски, Трајче Стојановски, Томи Јаневски, Марјан Зафировски, Ристо Фотевски, Имер Сефери, Ванчо Каранфилов, Олга Ристовска, Дејан Алексовски, Силвана Трајковска, Сашо Тодоровски и Тони Митровски од Скопје, Бранимир Јовановски, Елизабета Тодоровска, Нада Цветковска, Небојша Ташиќ, Новча Тодоровски, Савре Бојковиќ и Страшко Коцевски од Куманово, Зоран Јовановски, Нурије Фаризи и Тихо Тошев од Струмица, Димче Алексовски, Дејан Зафиров и Лидија Успрцова од Штип, Васко Стефановски и Оливера Наковска-Биковац од Битола, Александар Талески и Николчо Пеев од Гевгелија, Живка Мицова и Лилјана Мицовска од Кочани, Дејан Танески и Муштеба Амети од Охрид, Љубинка Крстеска и Рубинчо Ристески од Прилеп, Љубица Манчева и Спасе Коцев од Радовиш, Митко Орданов од Кавадарци, Нада Илиоска од Кичево и Мерита Арслани од Струга.

Секое здружение, покрај директно квалификуваните спортисти, да пријави за учество по **двајца нови спортисти** (ЗТИЛ на Град Скопје – 4 нови спортисти) со што се добива бројка од **76** спортисти учесници на игрите.

Секој од пријавените спортисти мора да ги исполнува пропишаните минимум норми во спортската дисциплина во која е пријавен.

2. **Минимум норми за пријавување на спортистите**

***Стрелаштво:***

| | | |
|---|---|---|
| **1. Воздушна пушка СХ-2** | Микс | 280 кругови |
| **2. Воздушна пушка СХ-1** | Жени | 200 кругови |
| | Мажи | 220 кругови |
| **3. Воздушен пиштол** | Мажи и Жени | 450 кругови |

***Атлетски повеќебој:***

| **Категорија** | **Реквизит** | **Дисциплина** | **Норма** |
|---|---|---|---|
| **1. Мажи седење** | | 100 метри | 30 сек. |
| | | 200 метри | 1’05 мин. |
| | 3,4 и 5 кг | Ѓуле | 3,8 метри |
| | 1 кг | Диск | 9,5 метри |
| | 0.6 кг | Копје | 9 метри |
| **Жени седење** | | 100 метри | 35 секунди |
| | | 200 метри | 1’15 сек. |
| | 3 кг | Ѓуле | 3,5 метри |
| | 1 кг | Диск | 6,0 метри |
| | 0.6 кг | Копје | 6,5 метри |
| **2. Мажи стоење** | 5 кг | Ѓуле | 5,0 метри |
| | 6,25 кг | Ѓуле | 6,5 метри |
| | 0.6 кг | Копје | 14,0 метри |
| | 0.8 кг | Копје | 18,0 метри |
| | 1 кг | Диск | 11,0 метри |
| | 1,5 кг | Диск | 16,0 метри |
| **Жени стоење** | 3 кг | Ѓуле | 3,5 метри |
| | 4 кг | Ѓуле | 4,5 метри |
| | 0.6 кг | Копје | 8,0 метри |
| | 1 кг | Диск | 8,0 метри |

3. **СПОРТСКА ДИСЦИПЛИНА** ќе се одржи доколку има најмалку пријавени **пет натпреварувачи.** Во случај да нема доволен број на натпреварувачи, конечна Одлука носи Комисијата за одржување на спортските игри во состав: Бранимир Јовановски, Драган Дојчиновски и Софка Прчева.

# СПОРТСКИ ИГРИ 2012 ГОДИНА

**4. Во составот на секоја екипа** да има **минимум една жена натпреварувач** без оглед на тоа дали е директно квалификувана или е од редот на ново пријавените спортисти. Исто така, се препорачува екипата во својот состав да има и најмалку еден натпреварувач или натпреварувачка во колички.

5. **ПРИЈАВА:** Здружението треба задолжително да ги пополни податоците кои се бараат во пријавата и да одговара за веродостојноста на истите. Покрај пријавата, задолжително треба да се достави Записник за одржан квалификациски натпревар.

**6.** Дисциплини на програмата на 24. Републички спортски игри:

**– Стрелаштво**

**Сериска воздушна пушка** (мажи, жени и со сталак) ќе се стрела на 1 пробна мета со 5 истрели и 20 мети за натпревар по 2 истрела во мета за вкупно времетраење од 1 час и 15 минути.

**Воздушен пиштол – микс** (мажи и жени) ќе се стрела на 1 пробна мета со 10 истрели и 12 мети за натпревар по 5 истрели во мета за вкупно времетраење од 1 час и 45 минути.

**– Атлетски повеќебој**

1. Мажи и жени седење фрлачки дисциплини – ѓуле, копје и диск
2. Мажи и жени стоење фрлачки дисциплини – ѓуле, копје и диск
3. Мажи и жени тркачки дисциплини – 100 м доколку има пријавено

Во атлетиката – фрлачки дисциплини, тежината на реквизитите и вредноста на резултатот ќе се пресметуваат со освоените поени согласно со таблицата на ИПЦ за поени во фрлачки дисциплини за 2011 година.

**– Пинг-понг**

1. Мажи класи 3-5, класи 6-8 и класи 9-10
2. Жени класи 3-5 и класи 6-10

Натпреварите во пинг-понг ќе се спроведат согласно со шемата на игра со можност за репесаж зависно од бројот на учесниците по категории. Ќе се игра во два добиени сета, освен финалните борби кои ќе се играат во три добиени сета.

**7. Задолжително** е настап во спортските дисциплини со соодветна спортска опрема за таа дисциплина. Доколку спортистот нема спортска опрема (патики, тренерки и сл), нема да му се дозволи настап во спортската дисциплина. Исклучок се само натпреварувачи кои од објективни ортопедски причини не можат да користат патики.

8. **Првопласираните четворица натпреварувачи** по одделни спортски дисциплини во стрелаштво и во пинг-понг, како и првопласираните десет мажи и осум жени од атлетски повеќебој се здобиваат со директно учество на следните игри.

9. **ПОСЛЕДЕН РОК** за доставување пријави до „Мобилност Македонија“ е 15.5.2012 година.

**10. Натпревар на спортски надежи.** За овој натпревар здруженијата можат да пријават млади спортисти со телесна инвалидност, родени меѓу 1993-1998 година. Во пријавите да бидат впишани податоци за нивните спортски резултати, а комисијата од бројот на пријавените млади спортисти ќе селектира десет натпреварувачи кои ќе настапат на игрите. Нивните пласмани и резултати постигнати на спортските игри ќе послужат како репер во составување на ранг-листа на млади спортисти, кандидати за државна спортска стипендија на млади спортисти која ја доделува Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија за период 2012-2013 година.

*Б. Јовановски*



# КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОТВОРАЊЕНА ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД ЕУ

„Мобилност Македонија“ со свои претставници учествуваше на конференцијата за „Поттикнување на социјалната инклузија и инклузивен пазар на трудот“, ИПА-проект финансиран од Европската Унија кој треба



да ги зајакне човечките ресурси во сите институции коишто работат со ранливите групи, но и на самите лица коишто спаѓаат во овие категории.

Овој проект ќе се спроведува во Македонија во наредните 20 месеци. Главна цел е градење на институционални капацитети, развој на човечки ресурси и подобрување на ефикасноста на социјалните установи за поттикнување на социјалната инклузија кај ранливите групи, како и јакнење на човечките ресурси во државните институции, локалната заедница, работните организации, каде што треба да се унапреди знаењето на сите коишто работат со ранливите групи и со лицата со инвалидност.



Конференцијата ја отвори министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, кој истакна дека: „Излезот од состојбата на сиромаштијата и социјална исклученост најдобро може да се надмине преку по-



врзување на давателите на социјални услуги и центрите за социјална работа, односно преку зајакнување на потенцијалите за вработување на ранливите категории на граѓани и нивна поддршка при влезот на пазарот на труд, нешто што ќе се направи со овој проект. Со нивно вработување ќе дојде до прекинување на таканаречениот маѓепсан круг на сиромаштија-невработеност-исклученост-обесправеност“.

Со проектот се предвидуваат работни тренинзи кои ќе ги обучат ранливите групи побрзо и поуспешно да се вклучат во работната средина.

Со проектот ќе се препорача како да се направи единствена база на податоци која ќе овозможи по-лесно креирање на државните политики и мерките за активна политика за вработување.

Во рамките на проектот ќе се спроведе и кампања преку којашто ќе се објаснува како да се развие социјална економија, која е целта и предностите на таквата економија, но и ќе ја подигне јавната свест за фактот дека цивилизациското ниво на една земја е многу повисоко доколку повеќе се грижи за ранливите групи.

*С. Прчева*

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА „МОБИЛНОСТ ШТИП“ – ГОСТИН НА ТВ СТАР



Деновиве претседателот на „Мобилност Штип“, Штерјо Николов, беше гостин на контактната емисија на ТВ Стар „Што мисли народот“. Тема на емисијата беше „Проблеми со кои се соочуваат телесните инвалиди на локално ниво и колку локалната власт се грижи за надминување на истите“. Први-



чен акцент беше ставен на неопходноста од паркинзите. Николов истакна дека пред многу институции во градот нема обележани паркинзи, но искрено се надева дека во најскоро време ова ќе биде минато затоа што локалната власт, при усвојувањето на Локалниот акционен план на општина Штип, ги прифати сите наши предлози и сугестии.

Од страна на „Мобилност Штип“ беа посочени местата кај што лицата со инвалидност имаат неопходна потреба за паркирање, а во некои институции и потреба од поставување на лифтови. Штип може да се пофали во однос на отстранувањето на урбаните и архитектонските бариери бидејќи скоро и да ги нема. Поставени се рампи пред скоро сите институции, но и пред многу приватни фирми, а и симнати се рабниците на тротоарите во фрекфрентниот дел на градот.

Во натамошниот тек на разговорот, Николов нагласи дека имаат одлична соработка со локалната власт и му оддаде голема благодарност на јавното претпријатие „Штипроект“ кој за време на зимскиот период неколкупати ги испраќаше своите екипи кои го чистеа снегот пред зградата во која работи канцеларијата на здружението со што им овозможи непречен пристап на лицата со телесен инвалидитет до канцеларијата.

Слушаноста на оваа емисија во Штип е на високо ниво, а на високо ниво беше и заинтересираноста за оваа тема така што голем број граѓани не стигнаа да ги постават своите прашања, бидејќи времето толку дозволуваше. Секако, се надеваме дека ќе има и друга можност во која ќе можат да побараат одговори на своите прашања.

Жените од „Мобилност Штип“ скромно го одбележаа Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Низ шеги, песни, ора, паднаа и договори за идни активности кои ќе бидат реализирани во летните месеци.



# ОЛИМПИЕЦ

Секои четири години светот го зафаќа олимписката треска и живее во ритамот на спортските достигнувања. Во срцата на луѓето се разгорува олимпискиот оган. Сите започнуваме со подготовки за што подобро да го пречекаме овој настан, кој во публиката на олимписките боралишта, кој со друштво пред ТВ.

Меѓутоа, има безобѕирни луѓе кои едвај чекаат и најмала можност за да започнат со својот добро смислен и од порано разработен план за измама сè со цел да се заработи што повеќе. За жал, заработуваат на многу нечесен начин злоупотребувајќи ги чувствата на добрите и страдални луѓе со предизвикување на сожалување и ги злоупотребуваат и нивната волја за помош и семејна состојба за да извлечат што повеќе пари за спонзорство и помагање на фантастични и неостварливи проекти.

Таков еден **„олимпиец“** секоја олимписка година започнува со својот поход низ Македонија за остварување на својот добро разработен план за нечесна заработка претставувајќи се како борец за правата на лицата со инвалидност. Овој **„олимпиец“** има добро разработена шема за остварување на своите нечесни намери. Со месеци пред да започне Олимпијадата тој започнува со „кондициони“ подготовки за својот голем поход и „мисија“. Излегува на некоја национална телевизија, објавува вест во некои од дневните весници и соопштува дека повторно ќе прави „подвиг“ и со својата инвалидска количка ќе оди до градот каде што се одржува олимпијадата и дека таму ќе ги промовира правата на лицата со инвалидност од Македонија, па дури и од целиот свет.

Овој борец за правата на лицата со инвалидност своевремено на натпреварите на лицата со телесна инвалидност во атлетика не беше во состојба да ја заврши трката со инвалидска количка дури и на најкратките патеки, а да не стане збор за некои потешки тркачки дисциплини каде што треба издржливост и добра кондициона подготвеност. Ете сега токму баш ТОЈ кондиционо напреднал толку многу што пред четири години **„за малку“** ќе отидеше дури до Пекинг.

Промовирајќи се самиот себеси како претставник на лицата со инвалидност а пред олимпијадата во Атина тој придоби голема медиумска поддршка и крстосуваше со својата екипа на помошници и пропагандисти низ цела Македонија. Се сеќавам дека токму баш тогаш тој дојде и во Битола и еден од нашите најдобри спортисти инвалиди Благој Стерјовски го пречека на влезот во Битола. Замислата беше заедно да одат до центарот на градот каде што ќе ги пречекаат градоначалникот, новинарите и други граѓани кои се воодушевуваа од неговиот подвиг. Тој кој беше подготвен и решен со својата количка да оди дури до Атина, само некој месец пред почетокот на олимпијадата не беше во состојба да ја извози патеката од само 2,5 км колку има од влезот на Битола до центарот на градот, па мораше Благој да го влечи на своето рамо за да му помогне да стигне до целта.

Само по некој месец започна неговата мисија и го гледавме во кратки инсерти на ТВ како со својата количка совладува тешки делови од патот искажувајќи упорност и истрајност. Собра околу себе екипа, изнајде спонзори и располагаше со значителни средства за да ја оствари својата цел. Како така „стигна“ до Атина и задоволен од оствареното започна веднаш да се подготвува за наредната олимпијада. Толку многу упорност, толку многу медиумска поддршка и на крај и државата реши да го финансира овој проект со пари од државната сметка ама на начин што се одзедоа пари од инвалидските организации и сојузи за овој потфат кој заврши неславно – едноставно згасна тивко како што можеше и да се очекува бидејќи сите ние знаевме дека тоа е само една голема фарса. Некои луѓе од власта, сепак, ја сфатија играта и замката во која се вовлечени и парите им беа одземени и вратени на оние на кои им следуваа. Овој **„олимпиец“** никогаш немал поддршка токму од лицата кои тврдеше дека ги претставува. Ќе се запрашате зошто? Едноставен е одговорот – го познаваме многу добро и знаеме со кој човек имаме работа. Ние добро знаеме дека тој работи само за својот личен интерес само со цел за лично богатење и промоција. Го знаат и неговите сограѓани впрочем многу добро и нема лице со инвалидност или некој друг човек од тој град што верува во неговите олимписки сништа. Поради тоа тој воопшто не е вклучен во активностите на ниту едно здружение на лица со телесна инвалидност.

А што се случува во меѓувреме додека тој се подготвува за наредниот поход? Поради тоа што ја загуби поддршката на „членството“ во својата средина започна со походи и мисии за придобивање поддршка во Македонија, главно во источна Македонија. Оди по градовите и селата, научува кој има дете или некој близок кој има некоја инвалидност, се претставува како борец за правата на инвалидите и користејќи ја неговата популарност стекната со медиумската кампања пред неговите „големи успеси“ бара и за жал по некогаш успева да добие парични средства за спонзорство или пак за реализација на „големи“ проекти со кои ќе им помогне на сите инвалиди, а со тоа ќе имаат корист и нивните деца или

блиски роднини инвалиди. Откако ќе „позајми“ пари со добро разработената шема и тактика тој одеднаш исчезнува исто така брзо како што се појавил, а потоа се појавува во некоја друга средина пак со истите ветувања и големи планови. На тој начин успева да стекне парични средства често земајќи им ги последните пари на некои страдалници кои наивно веруваат дека ќе им помогне на нивните ќерки, синови и внуци, а резултати нема. Правата на лицата со инвалидност ништо не се подобрени, а и доколку во некоја област има напредок тоа во никој случај не може да му биде припишано нему во заслуга бидејќи не се памети дека **„олимпиецот“** реализирал каков било проект.

Овие денови пак истата разработена шема: излегува на ТВ и најавува нов поход – олимпијадата во Лондон. Повторно започнува со „кондициони“ подготовки и ја подготвува својата инвалидска количка за поход низ Европа и по потреба ако има луѓе кои во тоа ќе поверуваат – ќе го преплива и Ла Манш и триумфално ќе стигне до Лондон каде што гордо ќе изјави дека ги претставува лицата со инвалидност од Македонија и целиот свет и дека овие „натчовечки“ напори ги направил за промоција на нивните права. Излезе, кажа, се пофали и толку. За среќа, сè помалку се луѓето кои му веруваат и се чудиме како и оваа медиумска поддршка воопшто поминала. Зарем сè уште има некои кои не го декодирале **„олимпиецот“**?

*Митко Фидановски*

# НОВИНИ ОД АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

До Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“, стигна допис од Агенцијата за државни патишта во кој не известуваат за следното:

Во согласност со член 13 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2012, од 30.3.2012 година), членот 66, став 3 се менува и гласи:

„Во возилата на лицата од ставот 2 на овој член треба да има членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Агенцијата со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина“.

Според ова возилата на лицата од ставот 2, односно за возилата на лицата заболени од дистрофија, мултипла склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплегија, детска парализа (полиомиелитис), слепи лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежна комисија во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, не треба да имаат налепница на ветробранското стакло од возилото, со која се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина за тековната календарска година.

*С. Прчева*

## Докторот Ви одговара

Сите ми зборуваа дека медицината е најпривлечната професија. Сите луѓе ќе те обожаваат и консултираат за се и сешто. Здравјето на луѓето им е најважното во животот. Но, не било така. Сегашниот тренд не е во корист на докторите, па не мора ни вие, драги мои читатели, да прашувате за вашите состојби. Јас чекам да одговорам прашања колку што можам и знам, а Вие упорно молчите. Но, белким еден ден ќе се сетите дека некој Ве чека во последните 25 години. Секогаш кога ќе излезе некој проблем, тој ќе ја добие потребната работна ангажираност за да се реши проблемот. Јас знам дека Вашите проблеми се комплексни и можеби не секогаш ќе можат да се најдат адекватни и задоволителни одговори и решенија. Но, постои анализа, расчленување на одговорите и решенија ќе се даваат постапно, чекор по чекор. Но, за да се започне потребен ни е Ваш макар и најмал ангажман. Тука можеби ќе може да Ви помогне психологот. Јас не се откажувам, а Вие?

прим. д-р *Нико Јанков*

# ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

На 21.3.2012 година во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, во комплетна организација на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“, а со поддршка на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ во делот од просторот за презентација, беше одржана презентација на нови ортопедски помагала.



Презентирани беа следните ортопедски помагала:

1. УЦБЛ ортоза за лекување на деформитети на стапало, презентер Светислав Исаилов, ЦПО втора категорија;
2. ТЛСО корсет за ’рбетен столб, презентер д-р Марија Богоевска, десет минути;
3. Ортоза за колк, презентер д-р Марија Богоевска, десет минути;
4. Ортоза за врат, презентер д-р Марија Богоевска, десет минути.

На презентацијата присуствуваа голем број лекари, ортопеди, физијатри, кои всушност и ги препорачуваат, препишуваат, ортопедските помагала на корисниците, а низ дискусијата се дојде до повеќе заклучоци во врска со индикациите, квалитетот на помагалата, начинот и времетраењето на носењето од страна на пациентите, како и бенефитот од нивното користење.

Поголемиот број од презентираните помагала се на товар на ФЗОМ.



# АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

На почетокот од новата година започна раздвиженост во барањето на патишта за следните активности. Во предвечерието на собранието на 18.2.2012 година се одржаа седници на Управниот и Надзорниот одбор. На седниците беа донесени значајни насоки и одлуки (повеќе на нашата веб-страница).



На 25.2.2012 година се одржа собрание на кое се заокружија претходните активности (слика). На почетокот на март се организира и традиционалниот пречек на Денот на жената, со повеќе членови од Здружението.(веб страна)



Тие денови се случија повеќе настани. По првичните контакти, се договори соработка со познатата фондација за телесна инвалидност од Турција „ОЗЕВ“. Исто така, се договори соработка со конзорциум на југоисточна Европа под капата на ЕУ. На повидок се големи регионални проекти со кои нашето Здружение и Сојузот се етаблираат на меѓународно ниво. Продолжува барањето на пат за соработка низ проекти со Албанија, Србија, Бугарија, но и на ниво на нашата држава.

прим. д-р *Нико Јанков*

# ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО АКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА





Во насока на подигање на јавната свест во сферата на заштитата на животната средина и природата, Град Скопје традиционално организира активности за одбележување на деновите од еколошкиот календар. Во периодот од 20.3.2012 до 22.3.2012 година се предвидени настани кои ќе ги одбележат Деновите на пролетта и екологијата.

На 20.3.2012 (вторник) според предвидената агенда извршено е садење на цветен расад во Градскиот парк од страна на администрацијата. „Мобилност Скопје“ со задоволство ја прифати поканата за учество во оваа акција за засадување на цветен расад, во организација на Град Скопје и Секторот за заштита на животната средина и природата. Повеќе од 30 члена на „Мобилност Скопје“ во 13.30 часот дојдоа на веќе договореното збирно место кај фонтаната во Градскиот парк со цел да учествуваат во дружењето и, наедно, зачувувањето на животната околина. Садењето на цветниот расад не само што го разубави просторот туку и разбуди поголема свесност за важноста на чувањето на околината.

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, со своето присуство даде свој личен придонес, како и претставниците од Секторот за заштита на животната средина и околината и Секторот за социјала.







# ОСМОМАРТОВСКА СРЕДБА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

Традиционално и оваа година се одржа средба за членовите од понежниот пол на „Мобилност Скопје“ по повод Меѓународниот ден на жената – 8 Март, на 4.3.2012 година во ресторанот „Бисера“ во населбата Аеродром кој е со најадаптирани услови за лицата со телесен инвалидитет. Во пријатна атмосфера и со добра средбата оваа година беа присутни и Претседателот на „Мобилност Македонија“, господин Бранимир Јовановски и Генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, госпоѓа Софче Прчева, како и Генералниот секретар на Национална федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија, господин Драган Дојчиноски.









музика на веќе докажаната група „До-ре-ми“ се гледаше задоволството на лицата на присутните на одбележувањето на Меѓународниот ден на жената – 8 Март. Оваа година на манифестацијата присуствуваа околу 90 членки на нашето здружение, како и неколку членови на „Мобилност Куманово“, со што се овозможи и поголема дружба меѓу членовите на двете здруженија. На



Сите членки на здружението кои присуствуваа на осмомартовската средба добија честики кои беа подарок од нашиот почитуван член Рашо Талунџиќ, како гест на почит и внимание кон припадничките на понежниот пол. Заради определбата за штедење, оваа година беше решено во трошокот да учествуваат сите членови кои сакаа да присуствуваат на прославата. Веселата атмосфера и убавото расположение меѓу присутните и овој пат не изостана. Ведриот дух на сите присутни лица кажуваше дека традицијата треба да продолжи, а меѓусебното дружење никогаш да не згасне. Ова е пример како со малку повеќе труд може да се одржи една добра традиција. Ваквите средби како дел од програмските активности на здружението имаат своја добра функција, која многу придонесува за социјализација на нашите членови. Во прилог на напишаното се фотографиите од оваа средба.

*Елена Ѓурчиноска*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И „РИНГЕРАЈА“ ВО ХУМАНА МИСИЈА







На 12.2.2012 година (недела), членките на „Рингерајa“ со своите деца за рака отидоа на час за хуманост и самите го одржаа истиот. Овој хуман настан се одржа во игротеката „Дримленд“ во трговскиот центар „Соравија“. Се собраа за да помогнат на 3-годишно дете и да го скршат ѕидот на предрасудите. Се дружеа со децата со телесен инвалидитет и децата со ретки болести оставајќи ја најмоќната детска порака. Диригентот на хуманоста во „Рингерајa“, Јулијана Василевска, истакна: „Имавме желба да испратиме уште една порака, во контакт со Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје ‚Мобилност Скопје‘ и Здружението ‚Дајте ни крилја‘. Овој пат сме двојно хумани. Иницијатива за овој собир беше, пред сè, постот на самохрана мајка за помош и донација на играчки за децата со телесен инвалидитет. Веднаш членките од „Рингерајa“ се организираа и ја направивме оваа дружба за донации“, истакна Василевска. Членките на „Рингерајa“ донесоа онолку колку што можеа да донираат, но и повеќе од доволно љубов и хуманост кои заслужуваат почит. Ребека ја остави пораката пред која сите се поклонија. Таа застана за да симболизира сила, а зрачеше енергија која покажува како да се биде хуман. „Сите овде се многу силни, големи и хумани луѓе. Многу ми е драго што успешно ја тераме оваа акција. Членовите на нашето здружение и децата со ретки болести и посебни потреби се желни за вакво дружење. Едвај чекаат да дојдат некаде за да се дружат“, изјави Ребека. „Мобилност Скопје“, исто така, беше дел од оваа хумана акција, на покана на членките на „Рингерајa“, имено, децата до 9-годишна возраст кои се членови на нашето здружение, заедно со нивните родители и секретарот на здружението, Елена Ѓурчиноска, исто така, другаруваа со своите врсници и си поминаа прекрасно. Им беа доделени играчки. За оние што не можеа да дојдат во игротеката, играчките можат да си ги подигнат во канцеларијата на „Мобилност Скопје“. Не можеше а да не се забележи радоста на нивните лица, атмосферата беше пријатна, децата задоволни, се слушаше смеа и детски џагор, многубројните играчки во игротеката беа на само еден дофат од дечињата, кои срдечно ги споделуваа. Се дружеа и родителите, си разговараа. Средбата траеше околу два часа, а се чинеше како да помина многу бргу, се заради убавото дружење. Им благодариме на „Рингерајa“ за хуманитарната акција, за подароците, и за иницијативата на едно место да се соберат деца од секаква националност, вера, и со различни можности и потреби. Со ваквите средби се рушат табуата, се рушат предрасудите, и се учи многу. Се учи



дека луѓето се еднакви, посебно и исклучително децата, тие треба да се опсипуваат со љубов, и да се прифаќаат онакви какви што се, бидејќи се дар од Бога. Не постои поголемо богатство на светот од една детска насмевка... Оваа порака треба да стигне до секого, секому треба да му биде јасно дека не е веќе време на предрасуди, дека колку помалку од нив тлеат во него, толку поголем човек е тој.

*Елена Ѓурчиноска*

# ИНФОДЕН ЗА НВО ОД ОПШТИНА СТРУМИЦА

На 14 февруари, во Домот на АРМ се одржа инфоден за здруженијата и невладините организации кои се наоѓаат на територијата на општина Струмица, од страна на Одделението за локален економски развој при Општина Струмица. Инфоденот беше по повод објавениот оглас од страна на Општина Струмица, за прибирање на проекти од страна на здруженијата и фондациите кои дејствуваат на територијата на општина Струмица од следните области: социјалната заштита, заштита и унапредување на животната средина, образование, култура, млади и младински политики во рамките на стратегиските документи за развој на општина Струмица до 2015 година. Презентација на апликациските формулари, правилата и прописите за аплицирање, методологијата на оценување, потребната документација која треба да се достави со самиот апликациски формулар, имаше раководителот на Одделението за локален економски развој при Општина Струмица, Тони Милушев. По завршената презентација и дадените насоки за изработка на проектите, присутните членови од здруженијата и фондациите имаа можност да постават прашања во врска со изработката на проектите, нивно аплицирање и секако нивниот тек, т.е. реализација.

„Мобилност Струмица", на овој конкурс, поднесе апликација за набавка на транспортно средство (комбе) за потребите на членовите на нашето здружение. Многу сме среќни и крајно благодарни за покажаното разбирање (како и многупати до сега) од страна на локалната самоуправа, за добиениот позитивен одговор по поднесената апликација за набавка на превозното средство. Со добиените средства од Општината и средствата со кои располага „Мобилност Струмица", која ги има како заштеда од добиените дотации и донации за редовно работење, наскоро ќе се набави долго посакуваното и неопходно превозно средство за нашите членови. Со обезбедувањето на превозното средство, на лицата со телесен инвалидитет ќе им биде овозможено да ги надминат просторните далечини, т.е. присуство на спортските натпревари, квиз-натпреварите, ликовните колонии и разни други натпревари од областа на литературата, музиката, настани со рекреативно-забавен карактер, посета на семинари, обуки и предавања кои се наменети за таа категорија луѓе. Бидејќи честопати нашите членови земаат учество на натпревари и манифестации и надвор од нашата држава, со набавката на превозното средство ќе им биде олеснет патот до нивната цел.

Се надеваме дека во иднина ќе има уште реализирани проекти, а со тоа уште повеќе задоволни и насмеани лица кај нашите членови.

*Мери Туџарова*

# БЛАГОДАРНОСТ

„Благодарноста не е само најголема од сите доблести, туку е и мајка на сите други доблести" – Цицерон Марко Тулије (106-43 пр.н.е.)

„Благодарност е чувство кое, побрзо од секое друго, не наведува на возвраќање" – Адам Смит (1727-1790), *Теорија на морални чувства.*

Благодарноста како особина и доблест се поретко е присутна во односите меѓу луѓето, а скоро воопшто не се манифестира кон животот и постоењето. Многу филозофи и мудреци низ историјата ја нагласувале важноста на покажување на благодарноста, да споменеме само некои: Цицерон, Спиноза, Адам Смит и други. Адам Смит тврди, во погоре наведеното дело, дека општеството може да функционира врз темел на користољубие или врз темел на благодарност при што за благодарноста вели дека луѓето ги исполнува со емоции кои се важни за стабилност на општеството. Оваа доблест ја истакнуваат сите религии, но укажуваат и на грешноста на незаблагодарувањето: христијанството, исламот, хиндуизам, будизам и други. Научниците велат дека не се доволни законите и другите општествени договори за да го регулираат реципроцитетот и заемноста во односите меѓу луѓето, но дека благодарноста ги потсетува на потребата да возвратат.

БЛАГОДАРНОСТ претставува чувство кое во нас се јавува кога ќе сфатиме дека од некого сме добиле нешто добро. Благодарноста обично се јавува кога луѓето ќе забележат дека тие се примател на нечие добро однесување.

Благодарноста може да се дефинира во поширока и потесна смисла. Во ПОТЕСНА СМИСЛА тоа добро доаѓа од некоја конкретна особа: сме ја забележале нејзината намера и сме и благодарни поради тоа (добро дело, добро однесување или материјален подарок).

Во ПОШИРОКА СМИСЛА благодарност чувствуваме и во моментите на тивка восхитеност од некоја глетка во околината.

БЛАГОДАРНОСТА се состои од три компоненти: 1. пријатно чувство на уважување на некого или на нешто; 2. добри желби насочени кон таа особа, односно кон предметот или настанот; 3. тенденција поради тоа и самите да направиме нешто позитивно за возврат или тоа не поттикнува на некоја друга добра акција.

## ЗОШТО Е ДОБРО ДА СЕ БИДЕ БЛАГОДАРЕН?

Добро влијае врз лична благосостојба.

Добро влијае на односите со другите.

Добро влијае и врз општа друштвена благосостојба.

Пријатното искуство е поврзано со задоволство, среќа и надеж.

Темел е на успешно целоживотно функционирање.

Благодарноста е дел од процесот во кој автодеструктивни (самоуништувачки) емоции се претвораат во емоции кои овозможуваат излекување и оздравување.

## УСЛОВИ ЗА ПОЈАВУВАЊЕ НА БЛАГОДАРНОСТ

се: а) добиеното се вреднува позитивно; б) добиеното не се припишува на сопствените напори; в) за добиеното намерно се возвраќа.

Благодарноста е поврзана со религиозноста и духовноста: луѓе кои редовно одат на религиозни обреди, се молат и читаат религиозни текстови (сето тоа заедно, а може и поединечно) повеќе се склони да бидат благодарни.

## БЛАГОДАРНИТЕ ЛУЃЕ:

– повеќе веруваат во поврзаноста на сè што живее и во својата одговорност по прашањето на тоа помалку им се важни материјалните работи, а нечиј успех не го проценуваат според богатствата што ги насобрал;

– повеќе се подготвени да делат со другите;

– поподготвени се нешто да позајмат;

– поподготвени го даваат своето рамо за плачење;

– имаат повеќе смисла за чувствата на другите.

## БЛАГОДАРНОСТ ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ

Жената, како и обично, довикнала од кујната: *„Ручек!“*

Нејзиниот сопруг, кој дотогаш читал весници и двете деца кои гледале цртани филмови, дотрчале до столот и ги зграпчиле лажиците.

Но, наместо мирисно јадење што нестрпливо го очекувале, жената на стол ставила грст сено. *„Ама што е ова?!“*, викнале сите тројца *„дали полуде?“*

*„А како можев и да помислам дека нешто ќе забележите? Веќе петнаесет години ви готвам и никогаш не сум слушнала дека бар со нешто сте ми дале до знаење дека не џвакате сено“.*

## ПЛАТЕНО СО ЧАША МЛЕКО

Д-р Ховар Кели бил познат лекар кој во 1895 година го основал Одделението на гинеколошка онкологија на Универзитетот „Џон Хопкинс“. Еден пролетен ден, шетајќи по пределите на северна Пенсилванија застанал кај некоја фарма, чукнал на вратата на куќата и од девојчето кое му отворило, побарал чаша вода. Наместо вода, таа му донесла чаша свежо млеко. Кратко со неа поразговарал, а потоа го продолжил патот.

Некое време по тоа, истото девојче се појавило како пациент на неговото одделение. По скапата операција која морало да се направи, стигнала сметка на која пишувало: *Платено со чаша млеко.*

## РАЗВИВАЊЕ НА БЛАГОДАРНОСТА

Размислете за луѓето кои се сè уште живи – родители, пријатели, наставници, тренери, колеги/колешки на работа, ученици во паралелката итн. кои кон вас биле особено љубезни и мили, но кои никогаш не чуле дека поради тоа сте им благодарни. На некој од нив напишете им писмо на благодарност: конкретно опишете што е тоа што направиле за вас и како тоа влијаело на вашиот живот. Кажете им што правите сега и колку често се сеќавате на нив.

## ПОТСЕТЕТЕ СЕ:

– Ако утрово сте се разбудиле повеќе здрави отколку болни, посреќни сте од милион луѓе кои нема да ја дочекаат идната седмица.

– Ако никогаш не сте ја почувствувале опасноста од битка, осаменост на заточението, агонијата на мачењето, каснувањето на гладта, посреќни сте од 500 милиони жители на овој свет.

– Ако можете да отидете во црква без страв да ви се закануваат, да ве апсат, мачат или да ве убиваат, посреќни сте од три милијарди луѓе на овој свет.

– Ако во вашиот фрижидер има храна, на вас облека, над главата имате покрив и кревет во кој ќе легнете, побогати сте од 75% жители на овој свет.

– Ако имате сметка во банка, пари во паричникот и нешто ситнеж наоколу во некое кутивче, чинивче, припаѓате меѓу 8% најдобро стоечки луѓе на светот.

*Милован Србиноски*, психолог

# ДЕН ПОТОА

**„Да даде Господ да имаш, па да немаш“** (еврејска клетва)

Честопати сум имал можност да се сретнувам со разни луѓе низ секојдневните контакти со лицата со инвалидност или на разни места во секојдневниот живот и работата и секогаш сум се соочувал со една интересна поделба: луѓе кои целиот свој живот се борат со својот телесен недостаток и никогаш не почувствувале како е да се живее без пречки од недостатокот и луѓе кои одреден подолг временски период биле без телесен недостаток па сега се соочуваат со живот полн со искушенија предизвикани од настанатата инвалидност. Најтежок проблем кај овие лие е покрај неможноста да се функционира нормално со недостатокот туку како сето тоа психички да се преброди и да се зачува душевниот мир, односно да се прифати настанатата состојба и да се сфати дека и во иднина без обзир на недостатокот може да се продолжи со нормален живот.

Да се живее со физички недостаток е сурова борба за опстанок и преживување и секојдневно приспособување на околината. Само тој што ја има маката може да знае со кои се проблеми се соочуваме лицата со инвалидност во текот на животот. Колку само сила и физичка и психичка е потребна за да се води еден нормален живот и да се функционира во семејството и околината. Оној што нема нога никогаш не може да му објасни со што маки се соочува и кои се потреби ги има за да живее колку толку нормален живот, на лице кое има две здрави нозе и никогаш не се соочил со неговите маки и потреби. Од друга страна, како мене да ми ги објасни своите маки оној што нема рака и јас да ги разберам сите неволји со кои се соочува кога јас имам две здрави раце. Јас можам само да претпоставувам со кои проблеми се соочува тој, а тој само насетува со кои проблеми се соочувам јас. Сега се поставува прашањето како сето тоа да го сфати човек кој воопшто нема телесен недостаток. Многу тешко. Ним им е тешко кога се дружат со лица со инвалидност или кога ги имаат во својата непосредна околина или во семејството. Не се во нивна кожа и не ги разбираат целосно нивните маки и потреби. Вложуваат многу труд да се доближат и да помогнат и често успеваат тоа да го направат, но ние со нашиот однос треба да им помогнеме на сите хумани луѓе кои сесрдно сакаат да помагаат и да им ги објасниме нашите маки и потреби. Не смееме поради тоа што тие се здрави телесно да мислиме дека не можат да не сфатат и да ни помогнат и на се да гледаме со недоверба. На овој начин ние доброволно се изолираме и се судуваме да живееме во своевидно гето. Тоа не е нашата цел. Нашата цел е целосна социјализација на лицата со инвалидност во општеството.

За обичниот човек кој нема телесен недостаток голем проблем е како да се однесува со лицата кои имаат каква било инвалидност. Штом дојдат во контакт со такви лица веднаш се чувствуваат непријатно од повеќе причини, а основно е тоа што се плашат да не го навредат човекот а потсвесно тој ги потсетува на можноста еден ден и тој да се најде во негова кожа. Во природата на човекот е да не мисли на лоши работи и само на кратко во тешки моменти кога нешто лошо ќе се случи во неговата околина но не и нему лично, застанува на момент и помислува дека тоа може секому, па и нему да му се случи. Тоа чувство го држи извесно кратко време и набрзо го отфрла и заборава, па животот продолжува понатаму. Само на погреб се сеќаваме дека сме смртни, а веќе наредниот ден се однесуваме како да сме бесмртни и се така додека не нѐ снајде онаа еврејска клетва од почетокот на овој напис: „***Да даде Господ да имаш, па да немаш***“. Погрда клетва не сум слушнал ниту можела да се измисли, а зошто така мислам ќе се потрудам да објаснам понатаму во текстот.

Еден индиски поет и филозоф Рабиндранат Тагоре, кого и порано сум го цитирал, искажа една своја мисла која цел живот ми е водилка и постојано ме потсетува дека не треба да се залетувам и занесувам. Неговата мисла е следната: „***Животот е страдање затоа што сме свесни на својата неизвесност***“. Токму така! Животот е една голема неизвесност. Никој не знае што го чека не утре туку наредниот момент од постоењето. Тешки искушенија и опасности демнат од секој агол и човекот честопати одненадеж по игра на судбината станува жртва. Судбината си поиграла со човекот и тој одеднаш се наоѓа во ситуација за која не ни помислувал дека ќе се најде. Во разни несреќи на работа, на улица во сообраќај или поради болест телото кое до тогаш совршено функционирало одеднаш е тешко оштетено и настапил траен инвалидитет.

Медицината успеала да му го спаси животот но не и делови од телото. Среќата за спасениот живот е голема но загубата на дел од телото тешко се надоместува, а најтешко е психичкото растројство кај човекот кој никако не може да се помири со загубата и неможноста да се постои и функционира без пречки. **Денот потоа е најтешкиот ден...** соочувањето со загубата.

Јас од кога знам за себе сум лице со телесен недостаток поради прележана болест во најраното детство. Јас не знам како изгледа животот со две здрави нозе и многу брзо сум се приспособил на недостатокот, па понатаму во животот сум се судрувал со бројни проблеми но не и со чувството дека нешто сум имал, па сега го немам. Тука за разлика од оние што порано биле здрави јас сум во предност. Јас сум приспособен на ситуацијата и во моите мисли немам чувство на загуба и тага за загубеното. Како што пишував и порано, јас како помлад единствено фантазирав дека сето ова е еден лош сон од кој еден ден ќе се разбудам, но не бев сигурен како ќе биде кога ќе се вратам во реалноста бидејќи во мојот мозок не е регистриран таков впечаток. Во мозоците на лицата кои порано биле телесно здрави длабоко е зацртан впечатокот од тоа време како психички така и физички. Во разговорот со лица на кои им биле ампутирани некои делови од телото сите кажуваат една иста работа: физички го чувствуваат делот од телото кој им е

отстранет. Чувствуваат фантомски болки во петицата која не постои, ги чешаат прстите на раката која им недостасува, ги боли коската на потколеницата при временски промени, а таа коска одамна не постои. Овој феномен е добро познат и трае кај овие луѓе целиот нивен живот. Тие секогаш го чувствуваат изгубениот дел од телото, па во прво време им се случува да паднат станувајќи од сон и обидувајќи се да стапнат на ногата која ја чувствуваат а ја немаат.

Но и нешто друго кај овие инвалиди трае долго можеби цел живот – чувството како било додека биле здрави. Тоа чувство ако завладее со човекот и ако тој не може да се помири со загубата полека ама сигурно му ја разјадува душата и тој многу брзо карактерно ќе се измени и ќе почне да се уништува и самиот себе и луѓето во неговата најблиска околина. Како понатаму?

На ова прашање е тешко да се даде едноставен одговор. Се зависи од цврстината и интелектот на човекот, неговата волја за живот и вродениот оптимизам, а би рекол и смислата за хумор. Ќе се запрашате зошто е потребна смисла за хумор. Само човек кој е готов да се пошегува со својот телесен недостаток може да се рече дека го пребродил најтешкиот дел, односно дека успеал да се вклопи целосно во средината и дека го надоместил загубениот дел од телото. Кога јас самиот правам шеги на мојот телесен недостаток луѓето околу мене не можат тоа да го сфатат и се во недоумица дали треба да се смеат плашејќи се да не ме навредат. Лично се чувствувам многу горд што многу мои пријатели телесни инвалиди ги натерав да одат по мојот пример и на инвалидноста да гледаат од поведрата страна и често самите си прават шеги на своја сметка. Исмевајќи го недостатокот ние всушност го победуваме. На ова мое видување на работите ме наведоа повеќе мисли и настани. Чарло Чаплин во една своја мисла вели: ***„Ако го посматраме животот од блиску тој е трагедија. Но ако животот го гледаме од далеку тој е комедија“.*** Во една пригода во разговор со еден сега покоен пријател – телесен инвалид тој ми го кажа следното: кога бил на рехабилитација во Словенија по ампутацијата на ногата со уште тројца исто така телесни инвалиди со ампутации на долните екстремитети играле карти. Се наведнал да ја земе картата која му паднала долу и кога се исправил слатко се изнасмеал. Кога го запрашале зошто се смее тој им одговорил: „На масата играме четворица, а долу има само две нозе!“

Јас одлучив животот да го гледам од далеку за да ми биде комедија, бидејќи во секој случај е подобро од трагедијата која не опкружува и се населила насекаде околу нас и во нашата близина. Ја прифатив смислата на животот на мојот постар пријател кој прв ми укажа на јакото оружје кое го имаме, а тоа е дозата хумор и наоѓање на смешното во телесниот недостаток.

Другиот начин за борба со новонастанатата ситуација човекот го црпи од оптимизмот. Оптимизмот е едно од најјаките оружја со кои Бог го надарил човекот. Без оптимизам не може да живее никој, а особено не човек кој изгубил дел од своето тело или некоја функција. За оптимизмот како начин на размислување и однесување во животот сите ние имаме многу читано и слушано. Мене лично на оваа тема најмногу ми помогна еден писател со своите прекрасни дела, а тоа е **Ог Мандино.** Од неговите текстови сфатив една работа: силата на човекот е во неговата психа и интелект, а не во неговите телесни можности. Доколку успееме да се издигнеме над самите себе и ако сме по природа оптимисти со цврста волја можеме да ја надоместиме секоја телесна загуба. Овој писател се смета дека е еден од најинспиративните писатели на планетата. Тој со својот оптимизам и јаката волја успеал да инспирира безброј луѓе и тие станале јаки и успешни во своите области. Треба да се прочита само неговото можеби најпознато дело **„Најголемиот трговец на светот“** за да се сфати мојата мисла дека оптимизмот и хуморот се единствените лекови за ранетата душа на човекот кој имал телесна загуба.

Овој голем оптимист и самиот во животот соочен со голем здравствен проблем откако се изборил за својот живот си го поставува прашањето КАКО ПОНАТАМУ? Одејќи во театар и додека ја гледа претставата самиот во себе си повторува една мисла: ***„Добро сум! Размислувам само колку беше долг патот од она одделение на интензивна нега до овој стар театар“***. Од ова произлегува неизбежниот заклучок: секогаш е во прашање само нашиот став, што е пресуден фактор, и од тој наш став зависи и разликата дали пеколно ќе се измачуваме или рајски ќе уживаме токму тука на земјата. Од нашиот став зависи дали ќе имаме мотивациска сила за да го „покориме животот“ или, пак, „животот ќе не покори нас“.

На крајот ќе завршам со уште еден мотивирачки пример. Стивен Хоконг е еден од најгенијалните астрофизичари на денешнината. Тој е еден од најтешките инвалиди кои постојат ако се земе во обѕир дека речиси ништо не може да мрдне и комуницира со светот со посебна компјутерска програма. Тој се разболел од мускулна дистрофија како возрасен и веќе професор на универзитет. Но, овој човек најде сила да ја прифати болеста, да комуницира и да ги открива тајните на вселената и да биди потполно исполнет како човек и научник. Како да се сфати овој човек? Колку од нас одамна едноставно само би се предале и би се препуштиле на судбината? Каква тајна искра на животот му овозможила на овој човек да го открива и истражува светот кој обичниот човек не е ни свесен дека постои? Сме се запрашале ли дали таа искра постои и кај секој од нас само чека да биде запалена?

Тајната на животот е во позитивниот став кон иднината и кон она што не очекува **„ниеден живот не е толку тежок за да не може човек да си го олесни со начинот на кој го прифаќа“ – Глазгов.**

*Митко Фидановски*

# ХЕНДИКЕПИРАНИ ПРЕДЦИ

Кратка прошетка колку за разодување, малку возење со велосипед, прелистувањето на дневните весници и по некој неделник, проследувајќи ги каналите на радио и ТВ-приемникот, сурфајќи ги интернет-страниците, промуабетиш со маалските „радио Милеви“ и ете агендата е потрошена, денот поминал. Ништо невообичаено, така (можеби) прават и другите, слични на мене. Колку ли фаци го опседнуваат широко сфатено медиумскиот простор: пишуваат (говорат), анализираат, полемизираат, дебатираат итн. Во дебатните емисии, во пустата желба да се победи противникот, да се надмудри, понекогаш (за жал) и да се омаловажи, дискредитира и притисне во ќош, да се покаже интелектуална супериорност над него, да се добијат поени (па и политички) пред аудиториумот, се користат сите дозволени и (за жал) недозволени средства, разни трикови и итроштини, надмудрувања, провокации, инсинуации, подметнувања, па и ниски удари под појас. Краткиот вовед го дадов како претходница, за една дебата што ја проследив на еден ТВ канал. Тема вообичаена, досега многупати видена, слушана, прочитана. Нашето минато и потекло, односите со соседите, проблемите со името, црквата,



јазикот. Тема честопати (зло)употребувана. Слика и амбиент веќе многупати видени. Водител, двајца соговорници со спротивставени ставови и гледишта. Времето на емисијата одминуваше, завален во фотелјата ме беше опфатила монотонија, кога наеднаш ги ококорив очите, вџашен од тоа што го чув. Едниот соговорник, парламентарец (бивш), со целата своја ароганција и цинизам, без око да му трепне, во стил на (пред)транзициски махер рече: „Аа, Александар ги собрал здравите воеnоспособни мажи, останале сакатите, ќоравите, и од нив ли ние потекнуваме, ха, ха...“ Ашколсун пратениче! Тажно и гревота. Понижувачка и срамна изјава. Крајно непристојно е да се исмева нечиј хендикеп, притоа кршејќи ги најосновните начела на елементарниот кодекс на пристојно однесување. Да му се згади на човека од таквото социјално (п)о(т)ценување и иронично подбивање. Не е ова добро. Опасни се ваквите игри. Изгледаат лесни на збор, провокативни да се пробаат, но последиците не се ни малку наивни. Не, преку ова не може да се помине, ова е нешто што не може да го премолчам, макар и прифаќајќи го ризикот да ми биде накалемено дека го предимензионирам настанот и дека сакам да исправам „криви Дрини“. Немам намера да фрлам фатва или да повикувам на линч, но во најмала рака, барем да биде регистриран и обелоденет настанот, па јавноста нека си го даде својот суд. Инаку, ниту аматерски не се занимавам со анализа на јавните настапи и говори на политичарите. Но ваквиот дискриминаторски став, непромислен, неаргументиран, нехуман, неморален, длабоко навредлив, уште на почеток, од корен треба да се исече, бидејќи пред сè, не почива на научна основа. Не се впуштам во тоа, од каде и како се нашле на оваа територија нашите предци и какво е нивното потекло, словенско или античко. За потеклото и историјатот на народите што живееле и живеат на овие простори, за праисторијата, грчко-римскиот период, се до средновековниот, ќе се произнесат научниците а не политичарите. Нејсе, ајде да ги поставиме на маса аргументите, пред сè генетиката, да и погледнеме на реалноста в очи. Да речеме дека Александар ги собрал здравите и способни за војска мажи и тргнал во поход. Историјата вели дека многуилјадната војска тргнала на далечен поход кој траел многу години и дека само мал дел од нив се вратиле назад, во матичната земја, бидејќи многу од нив загинале во борбите и умреле од болести. Многу од нив склопиле брак со Персијки и таму останале! Тезата на парламентарецот и неговите сомнежи и стравувања за породот што ќе се изроди од „военонеспособните“ мажи

и жените што останале, има една фалинка, не почива на никаква научна основа. Напротив ќе го разочарам. Минорен и занемарлив е бројот на болестите и состојбите што би се очекувале како наследни, наспроти очекуваните здравородени деца, во претпоставената ситуација, кога би се создало пород од „военонеспособните мажи" и жените кои останале во матичната земја. Впрочем, ние по ништо не се разликуваме по структурата и процентот на хендикепираното население, кое е околу 10%, како и кај вкупно останатата популација на планетата.

Со целиот респект кон неговите поодминати години и стекнатото животно искуство и очекував од него да биде меѓу првите борци, за да ја потхрануваме и негуваме колективната свест за самите себе дека не сме губитници и против создавање на комплексот на помала вредност. Да не поучи за јакнење на македонската национална гордост, за патриотско обединување, да се даде приоритет на традиционалните патријархални, хумани и морални вредности, кои се примерени на нашето општество, но и во сообразност со однесувањето во време на економска и социјална криза, како што се свртување кон семејството и подигнувањето на **свеста за грижата и солидарноста кон хендикепираните, послабите, понемоќните, почит и толеранција кон различностите.** Да не поучи да се свртиме кон духовните вредности, кон љубовта и уметноста, да читаме повеќе книги и да се посветиме на образованието и науката, да ги почитуваме блиските и пријателите, нашите сограѓани различни по вера и нација, да правиме добри дела. Дека успехот треба да се одработи (од каков и да е тип) бидејќи не доаѓа сам од себе, туку треба вклучување на мозочните бразди и засукување на ракавите, оти македонските работници од осумте часа работно време ефективно работат само четири часа. Ова е всушност просекот. Значи, има многумина што не работат ни два часа дневно. Како овие луѓе очекуваат да им дојде успехот? Успех без работа може да донесе само дедо владика, ама бидејќи мнозинството од нас немаме таков предок, треба да престанеме да веруваме за приказните за семоќниот старец со бела брада и сами да си го трасираме патот што води кон подобра иднина. Да ни го постави за репер геслото на косооките мали жолти луѓе од Далечниот Исток (Јапонија и Кореја), дека ниту еден ден во компанијата не треба да помине без да има напредок. И таму работниците на почетокот не биле платени, но го прифатиле тој предизвик. За кратко време го зголемиле производството за цели 50%. Менаџерите раководеле чесно и умно и нормално, како последица на тоа дојде до успех од светски размери.

Знам дека во политиката се успева со дебела кожа и добар стомак и дека политичарите не се богови и дека и тие се луѓе и тие имаат слабости, иако не издресираа да веруваме дека политичарот, кралот, моќникот, не се луѓе. За жал, мора да потсетиме дека нашата средина сè уште може да се „гордее" со раширени стигми кон различностите, многубројни примери на дискриминација, токму поради припадноста на индивидуа или колективитети во хендикепирана или друга група. Неретко имаме чувство дека сè уште живееме во општество на кое му е потребна драстична промена, и тоа првенствено промена на свеста на луѓето. Доволно е само малку да ја гребнете површината на тие глазирани ликови, курдисани со брендирани костими, вратоврски и чевли, па да видите и сфатите со кого си имате работа, ама и да им го поставиме и важното прашање – одговорноста. Во начелна смисла, секој што се движи во јавниот простор е одговорен за тоа, што внесува во тој простор (однесување и лична култура). Границите на одговорноста се граници на знаењето. Колку помалку се знае, толку повеќе границите се растегливи. Знаењето е тоа што поставува јасни граници, утврдува критериуми и воспоставува свест за одговорност. Мора да признаеме дека не можеме уште долго да продолжиме да живееме шизофрено, во два паралелни света, зашто така имаме проблем сите заедно. Конечно, сите делиме еден простор и една судбина. А промените не се страшни и невозможни. Секој треба само јасно да си го дефинира успехот и потоа да ја разбуди во себе трудољубивоста, амбицијата, решителноста, професионалноста, храброста. Потоа успехот полека ќе дојде. Тоа е процес кој трае, а целото тоа време треба да се одржува работната температура. Понекогаш наш најголем непријател ни е устата. Низ неа влегуваат со неумереност мрсни јадења, алкохол, никотин, дрога, што сè заедно дејствува на нашето душевно растројство. Или, со други зборови, не е најважно што влегува во устата (иако и тоа е важно, пред сè, од медицинско-психолошки причини), туку она што од неа излегува. Затоа што, како што е кажано во една стара народна мудрост: „Господар си на оние зборови што се сè уште во твојата уста, а роб на тие што од неа излегле".

д-р *Славчо Илиев*

# ХУМАНИТАРНО ИЗГРАДЕНИ ЧЕШМИ ВО РЕПУБЛИКА

Низ вековите, па се до втората половина на 19 век, населението со вода за домашни потреби се снабдувало од извори, бунари и реките што течеле низ селото и помалите градови.

Потоа, кај поединци на група луѓе произлегла идеја, на изворите што биле покрај патиштата или во непосредна близина на патот до населбата, како и на маалските извори како свое хумано и добротворно дело да изградат чешма, чешми за свои потреби и потреби на патниците-кираџиите. Ова дело го сметале како свој споменик за да им се споменува името, што и се овистинило.

Ваквите хуманитарно изградени чешми си добивале свои имиња по името на градителот, кои имиња во преданија се зачувани до денес и тоа како топоними. Во понатамошниот текст ќе следат имињата на чешмите според градителот, имиња на чешмите добиени по занимањето на градителот, имиња по познати личности кои одморале покрај чешмата или по некој историски настан и името на топонимот.

**Ајчева Чешма –** се наоѓа на планината Смрдеш, североисточно од с. Ракитец и јужно од градот Радовиш.

**Асан Чешма –** се наоѓа на планината Кожуф, североисточно од раселеното село Коњско и Гевгелија.

**Бабина Чешма –** се наоѓа на југозападната падина на планината Смрдеш, северно од с. Ракитец и Радовиш.

**Бајрам Чешма –** се наоѓа десно од реката Треска и патот Кичево – Македонски Брод, северно од с. Пласница и југоисточно од Кичево.

**Бигичева Чешма –** се наоѓа во областа Раец, лево од Црна Река, источно од с. Дреново и западно од Кавадарци.

**Дејуш Теди Чешма –** се наоѓа на планината Беласица, блиску до границата со Грција и северно од Дојран.

**Емер Чешма –** се наоѓа во северното подножје на планината Плавуш, југозападно од градот Струмица до езерото Водоча.

**Ертовица –** чешма на Малешевските Планини, јужно од с. Русиново и југозападно од Берово.

**Зиберова Чешма –** се наоѓа во областа Торбешија, северозападно од с. Црн Врв и југозападно од Скопје.

**Зорина Чешма –** се наоѓа во областа Тиквеш на висорамнината Витачево, југоисточно од Кавадарци.

**Коцева Чешма –** се наоѓа на западната падина на Беласица, меѓу селата Фурка и Црничани.

**Латовска Чешма –** се наоѓа на Бушова Планина, јужно од с. Латово и југозападно од Македонски Брод, името е дадено по селото.

**Љубашка Чешма –** се наоѓа во Тиквеш, на ридот Љубош, западно од Кавадарци, името е дадено по името на ридот.

**Марена Чешма –** се наоѓа североисточно од с. Челопеци и западно од с. Миокази и југоисточно од Кичево.

**Мемедова Чешма –** се наоѓа покрај патот за селото Беловодица, јужно од с. Дуње и југозападно од Прилеп.

**Милевска Чешма –** се наоѓа на планината Смрдеш, северозападно од с. Дедино и југозападно од Радовиш.

**Милошева Чешма –** се наоѓа источно од с. Цер и западно од с. Пуста Река.

**Митрина Чешма –** се наоѓа на планината Бистра, јужно од селото Тресонче и североисточно од Дебар.

**Најдина Чешма –** се наоѓа западно од с. Крупишта и североисточно од Штип.

**Османова Чешма –** се наоѓа на планината Крчин, западно од с. Аџиевци и с. Присојница и северно од Дебар.

**Петрова Чешма –** се наоѓа лево од патот Струмица – с. Костурино, западно од Три Води и јужно од Струмица.

**Риждова Чешма –** се наоѓа на северното подножје на планината Беласица, источно од с. Банско и југоисточно од Струмица.

**Стамболиска Чешма –** се наоѓа на истоимениот предел на планината Голак, западно од с. Тработивиште и јужно од Делчево.

# МАКЕДОНИЈА

**Тасино Чешмиче –** се наоѓа јужно од Скопје. Со територијалниот раст на Скопје, денес населбата го носи името по чешмата Тасино Чешмиче.

**Трајанова Чешма –** се наоѓа на Бушова Планина, северно од Арилево и северозападно од Крушево.

**Хасанова Чешма –** се наоѓа на планината Бабуна, југоисточно од с. Барбарос и Македонски Брод.

**Шекирова Чешма –** се наоѓа во југозападниот дел на планината Дрен, југоисточно од с. Прилепец и Прилеп.

Имиња на чешми добиени по разни поводи

**Арамиска Чешма –** се наоѓа на планината Осогово, јужно од Пониква и Кочани. Името е дадено по ајдуците кои тука одморале и го делеле украдениот плен.

**Белоградска Чешма –** се наоѓа во Тиквеш во северниот дел на висорамнината Витачево и источно од Кавадарци. Името е добиено по винарите од Белград – денешен Берат во Албанија, кои тука застанувале на починка да се одморат тие и натоварените коњи со вино. Истите се испеани во народната песна „Билјана платно белеше на Охридските извори“.

**Дервент Чешма –** се наоѓа во дервенот на реката Крива Лакавица покрај патот Штип – Криволак, меѓу планините Смрдеш и Серта.

**Јуручка Чешма –** се наоѓа на планината Бистра, западно од селото Маврово. Името е дадено по Јуруците (племе) кои тука одморале со своите коњи.

**Кадина Чешма –** се наоѓа на планината Огражден, североисточно од Струмица. Името е дадено по некојси кадија (судија).

**Калуѓерска Чешма –** се наоѓа во северниот дел на планината Кожуф, источно од раселеното село Копришница и југоисточно од Демир Капија.

**Ќучук Чешма –** се наоѓа во областа на Сландол, северно од с. Криволак и источно од раселеното село Цидимирци. Втората чешма со исто име се наоѓа на планината Беласица, јужно од селото Банско и југоисточно од Струмица.

**Попадијска Чешма –** се наоѓа на северната падина од планината Беласица, јужно од с. Габрово и југоисточно од Струмица.

**Попова Чешма –** се наоѓа на планината Бистра, југоисточно од с. Лазарополе и источно од Дебар. **Попова Чешма** е втора чешма со исто име што се наоѓа во обласна на Југуклук, во западниот дел на планината Плачковица, северно од раселеното село Припечани и југозападно од Кочани.

**Султан Чешма –** се наоѓа на планината Водно, југозападно од Скопје.

**Царева Чешма –** се наоѓа на планината Бистра, југоисточно од с. Маврово, покрај патот за с. Галичник.

*Илија Петрушевски*

## САМАРИТАНСКИ ТОРБИЧКИ ЗА НАЈМАЛИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“

„Мобилност Струмица“ за своите најмали членови доби донација во новогодишни подароци, популарно наречени самаритански торбички, приготвени со многу љубов и трпение од вредните рачиња на децата од Евангелско-методистичката црква. Подароците беа по повод новогодишните и божикните празници, но поради задоцнетото пристигнување, подароците беа распределени по празниците. Тоа не беше причина да се скрие задоволството и изненадувањето на нивните лица. Велат дека децата се најискрените и најмили души, па според нивните реакции, на радост и восхит од укажаното внимание, можеме да заклучиме, колку малку му е потребно на човек за да се измами по некоја насмевка на неговото лице и да се види задоволството во сјајот на нивните очи. Задоволството е неопишливо, кога ќе успеете да насмеете некој, да усреќите, па макар тоа било за миг. Шаренилото од подароци го стори тоа овој пат кај најмалите членови на „Мобилност Струмица“.

*Мери Туџарова*











# ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ НА РАКОМЕТНАТА СРЕДБА МЕТАЛУРГ - ЗАГРЕБ




Благодарение на картите кои ни ги донира сопственичката на „Бауерфајнд“ (Bauerfeind) од Скопје, Ирена Тепиќ, 15 членови на „Мобилност Македонија“, од кои повеќето кои користат инвалидски колички, и уште толку нивни придружници на 18.3.2012 година беа дел од навивачката група на ракометниот клуб „Металург“ кој во прекрасна спортска атмосфера, во тешка и исклучително фер спортска борба го надигра реномираниот хрватски клуб „Загреб“, со резултат 19:18.








# НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Кога Собранието на Република Македонија го усвои Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност и на Факултативниот протокол на Конвенцијата?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи: **5.12.2011** година.

Поставеното прашање беше лесно и на адресата на „Мобилност Македонија“ пристигнаа околу 40 писма. Не радува фактот дека бројот на учесниците во наградната игра се зголемува. Тоа значи дека сè повеќе наши членови се и читатели на весникот „Феникс 86“, а со тоа и учесници во наградната игра и можни корисници на наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмичко, со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникт „Феникс 86“, среќниот добитник го извлече Нико Јанков, главниот уредник на весникот.

Најмногу среќа и точен одговор имаше

**Горанчо Стојанов од Штип**

Донатори на оваа награда се сопственициte на хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмичко. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“ на телефон бр. 3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

**Од 23 до 29 април 2012 година во Охрид ќе се одржи Меѓународна ликовна колонија во организација на „Мобилност Македонија“.**

**По кој пат оваа година се одржува ликовната колонија?**

Сметаме дека и одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Феникс 86“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адресата на „Мобилност Македонија“ на ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје, со назнака „За наградна игра“, најдоцна до 15 јули 2012 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносилива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти, па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во Бања Банско, Струмичко.

*С.П.*



# ЗАБАВНА СТРАНИЦА

**Љубовник**

Жената водела љубов со својот љубовник, кога неочекувано се вратил мажот. Мажот збеснал и почнал да го брка љубовникот, а овој избегал во паркот. Таму гледа фонтана со статуи од голи мажи. Застанал и тој надевајќи се дека сопругот нема да го забележи. По некое време од статуите се слуша глас: „Соблечи ги чорапите оти сите ќе не фатат“.

**Трамвај**

Маж се прибира неочекувано дома. Оди во спалната, го отвора шифоњерот и гледа внатре непознат гол маж.

– Што правиш овде? – запрепастено прашува сопругот.

– Патувам во трамвај.

– Ама одоговор!

– Ама прашање!

**Десет знаци дека си Македонец**

1. Родителите се грижат за своето дете додека тоа не наполни 48 години.
2. Носиш тренерки со пет линии и натпис „aadibasss“.
3. Весникот е предмет со двојна употреба.
4. Единствено полоши од политичарите се фудбалерите кои губат од сите.
5. Одиш во викендичка за да работиш, а не за да одмораш.
6. Ако турнеш некого на улица велиш „оп“.
7. На секој виц одговараш „Го знам ама на друг начин“.
8. Цел живот си играш криенки: фрлаш ѓубре од десетти кат и потоа ѕиркаш дали си погодил и дали некој те забележал.
9. На иста маса стои знакот за забрането пушење и има пепелник.
10. Секој ден слободно ги вежбаш најтешките дисциплини во возење: одбегнување пешаци и дупки, пронаоѓање невозможни места за паркирање.

**Петел**

Селанец продава петел на пазар. Доаѓа купувач:

– Леле колку убав петел! Им се качува ли на кокошките?

– Да, да, им се качува! И не само на кокошките, и на гуските, патките, козите... Еднаш дури и на кучето му се качи!

– Тогаш зошто го продаваш?

– Од вчера нешто чудно ме гледа.

**Отров**

Жена влегува во аптека и бара да купи отров. Аптекарот:

– За што ви треба отровот? Жената:




– За да го отрујам мажот ми, ме изневерува. Аптекарот:

– Извинете, не можам така да ви продадам отров, тоа е нелегално без разлика на тоа што направил вашиот маж. Како одговор на тоа жената покажува фотографија од нејзиниот маж и љубовницата, на која аптекарот ја препознава својата жена.

Аптекарот, давајќи го отровот:

– Извинете, не знаев дека имате рецепт.

**Ковење шајки**

На натпревар во ковење шајка со рака се пријавиле Американец, Французин и Македонец. Американецот заковал 1/3 од шајката. Французинот заковал 1/2 од шајката. Македонецот ја заковал целата шајка.

Табела:

1 место Французинот – заковал 1/2 од шајката

2 место Американецот – заковал 1/3 од шајката

Македонецот бил дисквалификуван 15 – ја заковал шајката наопаку.

**Погрешно сфаќање**

Седи некоја девојка на клупа и лиже сладолед. Се доближува некој тип и ѝ вели: – Здраво, може ли да те прашам нешто?

– Секако – му вели таа.

– Што знам... – се туфка типот. – Мислам дека погрешно ќе ме сфатиш.

– Не, не е точно, прашај ме!

– Може ли да лижнам еднаш? Девојката му го подава сладоледот, а типот:

– Ете, гледаш дека погрешно ме сфати...

**Две вреќи**

Оди некоја баба по улица и влече две големи вреќи. Од едната вреќа паѓаат 20 евра. Наидува полицаец, ги зема и ѝ вели на бабата:

– Извинете, ви паднаа 20 евра.

– А, фала, вратете ги во вреќата! Тргнува бабата понатаму, кога полицаецот:

– Чекај, бабо, не може така... Од каде ти е тебе вреќава полна со пари?

– Ех, синко, еве од каде... Живеам близу стадионот, и секогаш кога има фудбалски натпревар сите влегуваат во мојот двор да се олеснат. Кога ми се смачи од тоа,




купив огромни ножици и се скрив зад една грмушка, па кој ќе дојде да моча, му се заканувам – или дај 20 евра, или сечам!

– Браво, мори бабо, ептен паметно си изиграла. А што имаш во вторава вреќа?

– Ех, синко... Има и такви кои не сакаат да платат.

**Дефиниција на студот**

+18°C На Хаваите се покриваат со јорган.

+10°C Во зградите во Битола го исклучуваат греењето.

+2°C Италијанските коли не можат да запалат.

0°C Дестилираната вода замрзнува.

-1°C Може да се види здивот. Битолчаните пијат пиво и лижат сладолед.

-4°C Кучето ви се пика во кревет.

-10°C Француските коли не можат да запалат.

-12°C Политичарите почнуваат да зборуваат за бездомниците.

-15°C Американските коли не можат да запалат.

-20°C Може да се слушне здивот.

-24°C Јапонските коли не можат да запалат.

-28°C Кучето ви се пика во пижамата.

-29°C Германските коли не можат да запалат.

-30°C Ниедна нормална кола не може да запали.

-36°C Битолските коли не можат да запалат.

-39°C Битолчаните ги закопчуваат сите копчиња на бундите.

-50°C Колата ти се пика во кревет.

-60°C Жителите на Хелсинки се смрзнуваат. Во Битола почнуваат да носат капи.

-70°C Се смрзнуваат и во пеколот. Универзитетот во Битола организира крос-кантри.

-72°C Адвокатите ги пикаат рацете во сопствените џебови.

-120°C Алкохолот замрзнува. Битолчаните почнуваат да стануваат нервозни.

-273,15°C Апсолутна нула. Се прекинува движењето на елементарните честички. Битолчаните лижат смрзната ракија.

**Паника**

Стојат две мали деца пред црква и гледаат како од црквата излегува штотуку венчана брачна двојка... Едното дете му вели на другото:

– Гледај сега паника!

Трча до младоженецот, го фаќа за рака и му вели:

– Здраво тато!!!

**Срам**

Го прашува учителката малиот Цветко: „Цветко, што работи татко ти?“

Цветко одговара: „Татко ми е машки стриптизер во евтин клуб, и игра гол пред мажи и жени. Понекогаш, ако добро му платат, изнајмува соба во евтин мотел и спие со нив“.

Учителката, цела во шок, го вади надвор од училницата и го прашува: „Цветко, белки тоа не е вистина?“

А Цветко одговара: „Не е. Татко ми игра фудбал за репрезентацијата на Македонија, ама ми беше срам да признаам пред цел клас“.

**Грабеж**

Група Грци ограбиле банка во Скопје. На излезот од Скопје полицијата ги застанала. Бидејќи не знаеле како да се разберат го викнале Блажо да им преведе...

Инспекторот: „Прашај ги каде ги скриле парите или ќе пукам, ќе ги отепам!“

Блажо на грчки: „Кажете каде сте ги скриле парите оти ќе пукаат на вас, ќе ве отепаат“.

Водачот на бандата: „До дрвото спроти ‚Лукоил‘ бензинската на излезот од Скопје, 20 чекори на север, па три чекори лево“.

Инспекторот: „Што кажа, што кажа!?“

Блажо: „Шефе, овој водичот ве опцу и вика дека не се плашел од смрт, отепај го шефе!“

**Парфем**

Трпе се враќа од кај љубовницата накај дома и забележал дека мириса на нејзинот парфем. И додека се мислел како да го покрие мирисот, видел еден бар и влегол внатре. По десетина испиени пива, тргнал накај дома. Трпана го пречекала и нервозно му рекла:

– Колку и да си се намирисал со женски парфем, знам дека ти пак си пиел!

**Лекар оптимист**

Човек отишол на лекар. Лекаров песимист, му рекол:

– Ќе умреш за еден месец. Помири се и среди си ги сите работи.

Човекот изнервиран заминал да бара друг пооптимистички лекар којшто му кажал:

– Ќе умреш за еден месец... но, не бери гајле, ќе ти препишам терапија во бања да те мачкаат со кал. Човеков зачуден:

– Тоа ќе ме излекува?! Докторот:

– Не, тоа е за да се навикнеш!

*Митко Фидановски*



## ИМАТЕ БОЛКИ ВО КОЛЕНОТО ?

При помали болки и вкочанувања на зглобот во коленото и кај пациенти за ублажување на остеоартритис се користи ФЕРМАТРОН 20 мг/2мл.

## МОЖНОСТИТЕ ОД ФЕРМАТРОНОТ СЕ ДВОЈНИ:

-Биолошка согласност и
-Физиохемиска дејност.
Траењето на ефектот е 6 месеци.




Содиум хиалоронат што се содржи во ферматронот е биополимер составен од повторливи добротворни единици од **N-acetylglucosamine** и глукоронска киселина. Иако е биолошки создадена од **Streptococcus equi** беше утврдено дека е иста како Содиум хиалоронат која се наоѓа во човечкото тело.Се чува на температура од 4 до 20°

ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА
**О-М-Р**
Генерален претставник на BIOMET и FMD
ИМПЛАНТАНТИ;АРТРОСКОПИЈА;БИОМАТЕРИЈАЛИ

Генерален претставник на Биомеханика - Бразил
Генерален претставник на БИОМЕТ -Германија
Генерален претставник на Ф.М.Д - Италија

ул.Паца Мирчева бр. 15, Битола 7000, Македонија
Тел./Факс : 047 / 256 - 537
Моб. : 070/207-391 , 071/313-403
E-mail: o.m.r.bitola@gmail.com
o.m.r.biomaterijali@gmail.com

**ГЛАВЕН МАГАЦИН :**
Ул. Паца Мирчева бр. 15 (населба Буковски ливади) Битола ;
**ТРГОВИЈА НА МАЛО :**
ПЗУ АПТЕКА О.М.Р.- ФАРМ Ул.Стив Наумов бр. 120 Битола ;

Линкови од нашите партнери:
www.biomet.com; www.fmd-dental.com






























